# ПРИЛОГ 2

# ГЛИГОР ЧЕМЕРСКИ

ликовен соработник

**ИЛИІА ПЕНУШЛИСКИ**

помошник

**БОРЧЕ ДАНИЛОВСКИ**

# ПРИЛОГ 2

**ЗА ПРИЛОГ БРОЈ 2**

Платното е скица во размер 1 : 1 од конкурсната работа за конкурсот по повик на Македонската академија на науните и уметностите. Авторот е поканет од страна на конкурсната комисија со писмо бр. 16-7/312 од 30 април 1976 година. Предметот на конкурсот е ликовно решение за ѕидна површина во свечениот хол на зградата на МАНУ; тема: „ОД МИНАТОТО И ДЕНЕШНИНАТА НА МАКЕДОНИЈА". На конкурсот се повикани следните автори: Родољуб Анастасов, Димитар Кондовски, Спасе Куновски, Борка Лазески, Благоја Николовски и Глигор Чемерски.

Состав на конкурсната комисија:

— Акад. Васил Иљоски, председател
— Акад. Славко Јаневски, член
— Акад. Димче Коцо, член
— Акад. Димо Тодоровски, член
— Акад. Ѓорѓи Филиповски, член
— Доп. член Тодор Скаловски, член
— Доп. член Вангел Коџоман, член
— Проф. инж. арх. Борис Чипан, член
— Адм. секретар Султана Лозановска, секретар

Рок за изработка на скиците: 6 месеци. Задолжителен прилог: скица 2 м. x 1 м., односно во размер 1 : 5 (поднесена како прилог бр. 1). Платното во природни димензии на ѕидот (околу 12,30 м. x 6,00 м) уредно свиткано во ролна и пломбирано со црвен восок, предадено е како прилог број 2 од конкурсната работа на авторот составена од пет прилози. За постоењето на прилогот во природна големина конкурсната комисија е известена десет дена порано. Примена е од службата на МАНУ на 1 декември 1976 година, во 11,30 часот (издаден реверс).
На 16 декември, вториот ден од работата на жирито, авторот е усмено известен дека прилогот број 2 нема да биде отворен. Истиот ден, пред да му бидат познати резултатите од работата на жирито, авторот писмено се повлече од понатамошното учество на конкурсот.

**Изложбен салон на музејот на современата уметност — Скопје**

**18 — 28. I 1977.**



# ПОФАЛБА НА НАТПРЕВАРУВАЧКИОТ ДУХ



Јануари 1977

Глигор Чемерсни

ПРИЛОГ 2



Да се продре во тајните на ликовното кажување, чии корени понираат во длабините на вековите, и да се исцеди, во тој допир, сокот што ќе го даде мирисот на традицијата, била и останала трајна желба на многу наши ликовни уметници. Во толку повеќе, што досегашните напори не дале поголеми и повидливи резултати, се разбира, со мали исклучоци. Одтаму, пријатно изненадува и заслужува внимание едно од последните дела на Глигор Чемерски, кое преставува проект за фреска изведен во големина од околу 80 м. кв. во кој авторот ги разработува темите: „Столбот на страдањата“, „Столбот на отпорот“ и „Денот на победата“.
Со умешно транспонирање низ современ третман карактеристичен за творештвото на Чемерски, по прв пат се соочуваме со достоинството на една фреска изникната од пазувите на традицијата, којашто е тоа во свечениот тон во колоритот, во окосницата на композицијата, во снагата што од неа зрачи. До гледачот како да допира топотот на разиграните авети од Апокалипсата, татнежот на народниот отпор, звуците на инструментите што ја опеваат радоста на Победата.

Создавањето на ова дело, го оценувам како прифаќање на предизвикот кој постојано бил присутен во творештвото на средновековниот сликар исправен пред голите површини на сакралните објекти — на оној од Нерези, кој спротивно на каноните ги расплака инаку крајно воздржаните светители, или оној од Курбиново, кој им вдахна живот на по правило еднообразните светителски облеки. Триптихонот на Чемерски зборува со јазикот на еден своеврстен подход во кој Страдањата, Отпорот и Победата добиваат впечатливи димензии.

Д-р Коста Балабанов

**ПРИЛОГ 2**





Глигор Чемерски го заврши монументално замислениот триптих како тематски единствена, сложена композиција од три дела: два бочни столба — на Страдањето и на Отпорот и нивното надраснување низ централната претстава на Триумфот. Овој осврт е мотивиран пред се од фактот што е пред нас дело на современата ликовна уметност во чија слоевитост се открива и звукот на средновековните мајстори.

Чемерски мошне долго води дијалог со делата на зографите, врвни декоратери-фрескисти кои знаеја и можеа да ги „совладуваат" огромните сводни површини од Охридската катедрала до Марковиот манастир. Тој размислува над морфологијата на нивните форми, ја познава нивната фактура и колористичката хармоничност, истовремено смела и рафинирана. Знае дека јазикот на овие мојстори може да ја збогати неговата ликовна синтакса и неговиот автентичен ликовен израз. Навистина, проседето на Чемерски смело еволуира, особено во централниот пано-триумфот, каде ќе се појават моќни фигури во екстатично движење, како митски творци што владеат со себе, под себе и во просторот, свесни за една тешко добиена битка. Тие имаат хронолошки далечни, но духовно сродни предци во библиските ликови, заковани во сводните површини, како да го менуваат светот околу себе.

Во време кое не прифаќа доминација на естетско-ликовни норми како дефинирани идеали а ликовната уметност минува низ фаза на темелно преиспитување, Чемерски своето уметничко присуство го приближи кон извори чија порака му е блиска; но тој знае нивниот говор да го збогати со сензибилитет и истражувачки дар на современ творец. Глигор Чемерски отвара нови врвици повлекувајќи свој лак на траењето од монументалните фрескисти кон сопствениот творечки од.

Цветан Грозданов

Големото платно на Чемерски што сега е пред нас ги носи во себеси искуствата и темите што овој сликар ги насети и ги допре во своите поранешни дела од монументален карактер. На големата слика „Апологија на војничката љубов" злите демони на војната се врзуваат во гомарен сплет кој на сето друго што не е војна му го одземаше неговото лице. На фреската „Топла земја" земјата на-

ПРИЛОГ 2



бабруваше во пречек на првите зрна од рацете на жената-сејач. Секоја од личностите на оваа фреска можеше да ги рече стиховите од песната „Сејачи“ на Радован Павловски: „Ова е прва пролет по Потопите“.
„Денот на победата“ доаѓа по нив — по војните, по потопите. Смртта сè уште е присутна во столбовите на сеќавањето што стојат од двете страни — во „Столбот на страдањето“ и во „Столбот на отпорот“, но целата слика одекнува од извиците на животната радост. Долу, на дното, тече во синкопиран ритам народното оро: играчите се споени во едно единствено тело, нивните појаси се преплетуваат во една единствена шара. Играта е чувство на заедништво, на истородност, на поврзаност: низ ритуалот поединецот влегува во колективниот занес. Играта ја води танчарка со движење што изразува едновремено и кулуминација на телесен восхит, но може да биде толкувано и како крик на тажачка: во општата прослава присутни се и предците, сите мртви: првите голтки вино и првите залаци им се упатуваат ним.
Празникот на Победата на оваа слика е истовремено и празник на Плодноста, на Животните сокови, на Земните храни. Од кошницата се истураат плодови, од круната на дрвото децата со свирки го поздравуваат доаѓањето на призничната врволица. И самиот пејзаж што стои зад сето тоа се бранува во женствени облици: сè се заокружува во трналезен плод низ кој струјат зрели сокови.
Во спирален растеж — небаре воден од топлите испарувања на земјата во летно пладне — сликата го води нашиот поглед нагоре. На врвот, потпрена на облаците, лежи жената со јадри облици и весело лице. Тоа е несомнено Победата — но истовремено тоа е и божица на плодноста, Големата Мајка, Tellus Mater, онаа која постоела пред нас и која останува по нас, продолжувачка на родот, чуварка на смислата. Таа има архајска насмевка на лицето: тоа е среќа која не се раѓа од областите на разумот, тоа е радување како еден изблик на органскиот живот, на телесноста.
Платното на Чемерски е поема во чест на големите денови кога не се чувствува граница меѓу телесноста и разумот, човекот и природата, поединецот и колективот.
Во еден таков ден во иднината ова платно можеби ќе го најде своето вистинско место, ќе го добие својот вистински ѕид.

Влада Урошевиќ

**ПРИЛОГ 2**






MAJ



КАТАЛОГ

1. ПРИЛОГ БР. 2 (РАБОТЕН НАСЛОВ „МАКЕДОНИЈА“)
ПОЛИКОЛОР И АКРИЛИК НА ПЛАТНО, 12,30 м. х 6,00 м.

— ТРИПТИХОТ ГИ СОДРЖИ СЛЕДНИТЕ ТЕМИ:

А. СТОЛБ НА СТРАДАЊА — ЛЕВО

Б. СТОЛБ НА ОТПОРОТ — ДЕСНО

В. ДЕНОТ НА ПОДЕБАТА — ЦЕНТРАЛЕН ДЕЛ

— ОСТАНАТИТЕ ЕКСПОНАТИ ОД БР. 2 ДО БР. 20 СЕ СКИЦИ ВО МАТЕРИЈАЛ, ДЕТАЛИ И ЦРТЕЖИ НАСТАНАТИ ИСКЛУЧИВО ВО ВРСКА СО ОВАА СЛИКА ВО ПЕРИОДОТ ОД СРЕДИНАТА НА ЈУНИ ДО КРАЈОТ НА НОЕМВРИ 1976 ГОДИНА.

ДОДАТЕН МАТЕРИЈАЛ: КОРЕНИ И ПРОДОЛЖУВАЊА

ФОТО-СОРАБОТНИК РОБЕРТ ЈАКИ

ГОЛЕМИОТ ФОТОС — РУМЕН ЌАМИЛОВ